ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 0804-272/1
25.08 2015 год.
ШТИП

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со Акционен план (2015-2024) |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Центар за развој на Источен плански регион |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет за развој на Источен плански регион |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Драгица Здравева |
| Назив на работното место | Раководител на Центар за развој на Источен плански регион |
| Контакт податоци за лицето | 032 386 408<br>032 386 412 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законот за животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 93/13, 42/2014 и 44/2015),Програма за развој на источен плански регион, 2015 – 2019 година, Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013), Национална Стратегија за рурален туризам (2012-2017), Програма за развој на туризмот за 2015 година, Програма за зачувување на природата во Македонија | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии , планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, точка 12.Туризам - краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на развојот на туризмот генерално како и на развојот на еко-туризмот и на други видови на туризам. | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 12 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Со стратегијата се предвидува градба/реконструкција на објекти (планинарски домови, хотели, бањи и сл.), изградба на регионални патишта, за кои ќе биде потребно спроведување на постапка за оценка на влијание врз животната средина за секој проект поединечно. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Целта на донесувањето на Стратегијата за развој на туризмот во Источен плански регион со Акционен план (2015-2024) е да даде насоки за искористување на потенцијалот кој постои<br>во регионот за развој на туристичка индустрија, при тоа земајќи ги во предвид сите ограничувања кои постојат во Источниот плански регион. Стратешките цели се поделени во 4 области: 1.Развој на човечки и институционални капацитети, 2.Туристичка инфраструктура, 3.Туристичка понуда, 4.Маркетинг и брендирање. | | | |

| |
|---|
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Развој на туризмот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 10 години |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Областа ги опфаќа 11 општини во рамки на Источен плански регион: Општина Штип, Општина Пробиштип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Чешиново - Облешево. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Бидејќи со стратешкиот документ се планира изградба на туристичи капацитети, негативни влијанија врз медиумите на животната средина се очекува да се појават само во фаза на градба на објектите (воздух, почва, води, биодиверзитет, отпад), додека во оперативна фаза влијанието е исклучително позитивно со акцент на социо - економско заживување на регионот и прилив на туристи од земјата и странство. Стратегиската оцена ќе овозможи осврт на сегашната состојба со медиумите на животната средина, ќе даде преглед на целите на заштита на животната средина и здравјето на населението во Источниот регион и како тие цели /и дали се компатибилни со целите на стратешкиот документ.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;</td><td>Влијанијата врз животната средина ќе бидат долгорочни и позитивни, бидејќи ќе настанат перманентни измени во визуелниот поглед на пределот, преку изградба на капацитети од туристичко сместувачки и угостителски карактер.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Кумулативно влијание се очекува да настане преку создавање на отпад, користење на вода и испуштање на отпадни води и нивно влијание врз почвата.Се очекуваат значајни влијанија врз здравјето на луѓето поради видот и природата на проектните активности (сместувачки и угостителски капацитети, туристички атрактивности) што би допринеле за здрав развој на населението и пристап до голем број на рекреативни објекти со различни содржини во општините во Источниот регион.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Се очекуваат незначителни влијанија врз здравјето на луѓето и работниците (бучава, вибрации, емисии во воздух и прашина) во фазата на градба на туристичките капацитети. Исто така можни се ризици по здравјето на луѓето и работниците за време на изведување на градежните работи како резултат на несреќи.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Површината на подрачјето опфатено со стратешкиот документ изнесува 3537 km2 кое е населено со 181 858 жители.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стратегијата содржи јасна визија како туристичката индустрија може да го зголеми</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| своето економско и социјално влијание во регионот. Обезбедување на услови за нови вработувања во туристичките капацитети, зголемена понуда на квалификуван кадар за работа во туристичкиот сектор, заживување на источниот регион преку развој на услужниот сектор и сродните дејности, создавање на можности за инвестиции, привлекување на финансиски средства преку изработка на квалитетни проекти, намалување на миграционите процеси и развој на туристичкиот сектор во индустрија која создава производи со високи квалитети. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Местоположбата на Источниот регион го опфаќа сливното подрачје на реката Брегалница, зафаќа 14% од територијата на Р. Македонија со површина од 3537 km2. Регионот е поделен на 11 општини (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип.), кои во поглед на урбанизираноста се поделени на 217 населени места од кои 209 места карактеризирани како рурални населби. Вкупно бројот на жители во регионот изнесува 181.858. Густината на населеност изнесува 51 жител/km2.<br>Климата во Источниот плански регион е аридна, односно подрачјето во поголемиот дел е аридно-сушна. Од водените ресурси со најголемо значење е реката Брегалница каде постојат две високи брани на акумулациите "Калиманци" и "Кочанско Езеро".<br>Постојната патна инфраструктура во Источниот плански регион се состои од 1187 km локални патишта, 177 km А државни патишта и 302 km регионални патишта.Главни патни правци кој што го поврзуваат овој регион со другите региони се државниот пат А3 (Велес - Штип - Кочани - Делчево - Граница со Бугарија) и државниот пат А4 (Свети Николе - Штип - Струмица).<br>Источниот плански регион на ниво на држава претставува една помалку туристички развиена територијална целина. Најголемо учество во вкупниот број на сместувачки објекти пројавуваат хотелите и некатегоризираните објекти. Тоа се однесува и за бројот на апартмани, каде хотелите располагаат со вкупно 39, а некатегоризираните со 18 апартмани. Од бројот на леглата во Источниот плански регион може да се забележи најголемото учество во детските и младинските одморалишта кои предничат пред вкупниот број на легла на хотелите и некатегоризираните објекти. Имено, детските и младинските одморалиштата располагаат со 538 легла од што може да се заклучи дека туристичката инфра и супраструктурална изграденост овозможува давање на услуги за сместување и исхрана на пазарни сегменти кои ги користат овие видови на капацитети. Во 2013 година бројот на легла во регионот изнесувал 620. Странските туристи престојуваат подолго во однос на домашните туристи чиј број се намалува, а и нивниот престој е во краток период. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Во источниот регион Осоговските Планини поседуваат значајни вредности од биолошки аспект како значајно растително подрачје (ЗРП), значајно подрачје за птиците (ЗОЛ), важен коридор за движење на дивите растителни и животински видови во рам- ките на пан-европската еколошка мрежа за југоисточна Европа (PEEN SEE) и Емералд подрачје.<br>Освен Осоговските планини, на територијата на Источниот плански регион се идентификувани и |

| | |
|---|---|
| | предложени за заштита следните природни вредности: Локалитет Долна Злетовица, Овче Поле, Кукуљето, Подрачјето на Долна Брегалница е предложено за споменик на природата и Малешевски планини.<br><br>Неколку локалитети во источниот регион се евидентирани како дел од културното и историското наследство:<br>•Општина Штип: Археолошки локалитет Баргала;<br>•Општина Виница: Виничка тврдина;<br>•Општина Пробиштип: Манастир „Свети Гаврил Лесновски", „Свети Спиридон" во Злетово, локалитет Костомар и старата населба Карлуково;<br>•Општина Берово: Манастир „Свети Архангел Михаил" лоциран во јужниот дел на градот; Црква „Света Богородица"; старата Христијанска црква „Свети Илија" во Митрашинци; старата саат кула во центарот на градот, итн.<br>•Општина Чешиново - Облешево: Црква „Архангел Михаил" во село Спанчево; старите фрески на „Великиот вход" и „Богородица ширшаја небеса"; Црква „Манастирот" над село Соколарци. На следната слика е прикажан дел од локалитетите со културно наследство на Македонија. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Со реализација на проектните активности предвидени со Стратегијата за развој на туризмот во источен плански регион нема да има надминување на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности |
| Интензивна употреба на земјиштето | При реализација на проектните активности не се предвидува интензивна употреба на земјиште освен за предвидените регионални патишта кои се планираат како дел од активностите за обновување на постоечката инфраструктура за развој на туризмот во источен плански регион. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Во Источен плански регион национални заштитени подраја се : Осоговски планини кои се идентификувани како Емералд подрачје (во Клисурата на Брегалница) и орнитолошки локалитет Раткова скала и неколку локалитети како предлог за заштита (подетално прикажано во делот посебни природни карактеристики). |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Сите проекти кои ќе произлезат од реализацијата на стратегијата ќе подлежат на

| |
|---|
| постапка за оценка на влијание на проекти врз животна средина (ОВЖС). |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Површината на источниот регион за кој се однесува стратешкиот документ изнесува 3537 km2 кое е населено со 181 858 жители.<br>Проектните активности се предвидува да се реализираат во планински и рурални подрачја што укажува дека сензитивни рецептори ќе бидат биодиверзитетот и жителите во тие подрачја. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Донесувањето на стратешкиот документ е од особена важност за Источниот плански регион за негова поголема афирмација од аспект на туристичка понуда, границата со Р.Бугарија ќе овозможи привлекување на странски и домашни туристи преку атрактивни содржини, за локалното население ќе значи зголемување на вработеноста, активирање на другите гранки комплементарни на туристичката дејност (транспорт, итн), престој во чиста животна околина каде може да се одвиваат рекреативни активности од зимските и летните спортови.<br>Стратегијата за развој на туризмот во Источен плански регион ќе овозможи промоција на природното богатство на источниот регион во пошироки рамки (планински, езерски ловен/риболовен туризам), промовирање на верските објекти со старост од повеќе векови (цркви, манастири), стимулирање на традиционалните занаети, спецификите на кујната - продукти карактеристични за регионот, престој на туристи во објекти со карактеристичен амбиент на (планинска/рурална) средина, но и во капацитети со најсовремени содржини и понуди. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Спроведувањето на Стратегијата за развој на туризмот во Источен плански регион нема да предизвика негативни влијанија врз животната средина.<br>Во фазата на градба/реконструкција на објекти (планинарски домови, хотели, бањи и сл.), изградба на регионални патишта, може да се очекуваат незначителни емисии на прашина, бучава и генерирање на отпад.<br>При оперативна фаза/функционирање на објектите се очекува генерирање на отпад и отпадни води, кои со навремено превземени мерки од страна на сопственикот нивното влијание ќе биде сведено на минимум. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Стратегијата за развој на туризмот произлегува од Стратешките документи на 11 |

| | |
|---|---|
| општини во Источен плански регион,<br>- Национална стратегија за развој на туризмот на РМ 2009-2013<br>- Национална стратегија за рурален туризам на Р.М. 2012-2017<br>- Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2009-2013,<br>- Просторен план на Источен плански регион, 2013-2030, Експертски елаборат - туризам<br>- Стратегијата за рамномерен регионален развој 2009-2019 (ревидирана верзија од 2014) и други. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>/ | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>**За секоја планирана активност од областа на туризмот наведена во Акциониот план групирана по субрегиони ќе се пристапи кон донесување на урбанистички планови (доколку е потребно) и спроведување на постапка за оценка на влијание врз животната средина за секој проект поединечно.** | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Претседател, Ратко Димитровски |
| Датум 24.08.2015<br>Место Штип | М.П. |

ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *